# „НЕУТРАЛНОСТА"-МИТ ЗА МОДЕРНАТА МАКЕДОНСКА УЧИЛИШНА КУЛТУРА

Модерната секуларизирана педагогија во Македонија ги следи творечките искања на светската едукативно-педагошка наука и практика. И токму поради тоа ја доживува судбината на својот архетипски образец. Имено, таа е окована во тесните рамки на т.н. педагошки натурализам, чија главна особина е да го отфрла учеството на духовниот живот и светоста во процесот на изградување на човечката личност. Тоа доаѓа од таму што педагошкиот натурализам е духовно чедо на веќе изживеаната философија на волтеријанскиот тип просветителство. Значи, ни малку не е случајно неговото агресивно учество во надѕидувањето на една тотално секуларизирана култура и идеја, чија перспектива е растечка. Неговиот фон е т.н. автономна педагогија. Но, се случува нешто неочекувано за човечкото рацио. Човечката логика се судира со парадоксалниот факт дека токму автономизираниот педагошки натурализам иницира процес на враќање на современоста кон религиозната култура.

На македонскиот училишен простор воскреснува вечната тема за Атина и Ерусалим. Имено, темата за Црквата и универзитетот, за теологијата и философијата, за верата и науката... И покрај тоа што се работи речиси за еднозначни термини, нивното совпаѓање во исто време е и подеднакво загадочно. И токму поради својата антиномичност и станало предизвик на современата педагошка мисла. Токму денес македонската педагошка јавност гласно ја поставува дилемата: Атина или Ерусалим? Теологија или философија? Наука или вера? Ако дилемата, пласирана од нас на овој начин, ја ставаме пред судот на историјата, ќе дојдеме до резулатати што се поразителни за нас. Историјата, имено, ќе го потврди фактот дека во течењето на човечките историски еони најдобрите

претставници на човечкиот творечки дух ги отфрлале сите обиди за предизвикување раскол меѓу Атина и Ерусалим, меѓу умот и срцето. Тие страсно се заземале за триумф на тезата: Атина *и* Ерусалим, над тезата Атина *или* Ерусалим. Верата на избраниот народ Божји – новиот Израил, била ставена во состојба на кохабитација и синергија со научно-философскиот светоглед на универзитетскиот пантеон. Таквиот свет на луѓето им е залог за заветуваните остварени или неостварени стремежи и идеали.

За атинскиот светоглед е соблазнителен фактот дека вистината никого не ќе го заобиколи и дека од неа никој не ќе може да се „спаси" (Достоевски). Лајбниц, пак, или кој било друг философ, никогаш не ќе може да изјави аналогно на евангелската поента: „Според верата ќе ти се даде". Таквата вистина Атина не може да ја поднесе. Наспроти Атина, Ерусалим строго се придржувал до таквата вистина. Автономната педагогија се потпира на автономната етика, која бидува изблувана од вечните вистини што, според Лајбницовиот херметички светоглед, влегле во свеста на Бога не водејќи сметка за волјата негова. Но, и таквите вистини не ќе можат да го убедат Ерусалим, зашто сеат ужас на опустошување. Потребно е да се излезе од маѓепсаниот круг на разумот така што ќе се стои над него, без да се негира. Универзитетот, се додека не се осмели да се вознесе над автономноста на знаењето и автономизираната етика, безболно и немоќно ќе се поклонува подеднакво и пред материјалните и пред идеалните зададености до кои ќе стигне разумот. Во нив се раствора и од нив се асимилира „она што ни е единствено потребно". Човекот не успева да стигне до вистината, препуштајќи му се на рационалниот circulus vitiosus.

По секое доживување на апокалипсисот на својот народ како свој сопствен крст, крстот нека ни стане незаменливо гносеолошко средство за препознавање на се што е вистински

универзално, интегрално и вечно во нашата национална историја и култура. Окото на искусниот педагог во тоа ќе го препознае сето она што го заслужува човечката будност. Но, ако нашето Министерство за образование и понатаму се задоволува со дуалистичкото апсолутизирање на „минливото", космосот, материјата, човекот, историјата, т.е. „одавдестраното", за сметка на „одандестраното", вечното, на Бога, ќе остане нечувствено за суштинската проблематика на нашево време и нејзиниот еруптивен предизвик. Патем ќе споменеме дека основниот стремеж на севкупната европска педагошка мисла во текот на последните неколку векови е стремежот што во револуцијата од 1917 година досегна апотеоза и го исфрли барањето за апсолутно важење. Истовремено беше насочен кон се што е вечно, во смисла на „одандестраното", но и кон апсолутизирање на нешто нему спротивно: на светот т.е. на природата и човекот, во кого и преку кого природата доаѓа до „свеста". Човекот беше избран за медиум и прогласен за единствен ковач на својата спроствена „среќа и прогрес". Главни пороци на тој нов апсолут беа и останаа: Ниче и Фројд, Хегел и Маркс, секој на свој начин. Нашиот актуелен школски систем се темели на споменатите начела. Под нивно непосредно влијание, на елементите на светот и на човекот од нив исткаен, на историјата на човекот и неговото општество, на неговата свест и потсвест – им придава апсолутно значење и ги прифаќа како самодоволни и самозатворени, односно отворени само за својата иманентност и саморазвиток. Се согласува да биде детерминиран од внатрешните законитости и временскиот недоглед, но и од човечката творечка интервенција, манифестирана преку науката и културата, работата и преобразувањето на општествените структури. Бројните кризи што однатре го потресуваат нашето етничко стебло ќе треба да му станат будилник на нашиот школски систем за потребата да ги осуети значењето и

димензиите на модерните предизвици, но од демонизмот скриен зад безрезервното прифаќање на новиот апсолут. Ќе треба да се направи обид за изнаоѓање рамнотежа меѓу она што го нарекуваме „одандестрано” и „одавдестрано”. т.е. меѓу Бога и космосот, Бога и човекот, за да се премости дуализмот муѓу духот и материјата, вечното и историското, симболот и стварноста, денес најрадикално противставени во нашиот актуелен школски систем. За да се успее во тоа нашиот универзитет ќе треба да гиземе светот и човекот како фокус и појдовна точка на своето поимање на стварноста. Бог на овој свет може да биде само оној кому димензиите на космичност и човечност му се сопствени димензии, но, исто така, може да ја има и да ја оствари својата смисла само оној што ја има и ја остварува со Бога присутен во него. Тоа значи дека надвор од светот и надвор од човекот Бог не може да биде Бог на овој свет и на овој човек, но и светот не ќе може да биде свет надвор од Бога.

Секуларизмот на очиглед наш му станува идеолошка подлога на т.н. „нов светски поредок”, чиј тоталитаризам предизвикува прогресивно и забрзано оттуѓување на нашата култура од нејзините основи, поточно од христијанското доживување и христијанскиот богомислен светоглед. Предизвикана е длабока поларизација меѓу самите христијани. Процесот на посветовничување на човечкиот начин на размислување и живеење е очигледна реалност кована како таква на нашиот универзитет. Секуларизмот е се поприсутна стварност во свста и стремежите на модерниот Македонец. Ереста на нашиот секуларизиран универзитет е содржана во јавното или скриеното сфаќање преточено во практика, според кое светот и времето се уникални димензии на човечкото постоење. Според оваа теза, историјата е единствената човечка можност, негов прометејски излез и место на самоостварување.

Како таков, светов е единствено постоен свет, кој сам по себе содржи и му нуди на човекот чудесни можности. Човечката вокација и смисла се гледа во рзвивањето на тие можности на светот и во изградувањето на самиот себе, преку нив и преку себеси. Нашиот универзитет е строго антропоцентрично детерминиран. Неговата максимална редуцираност го изневерува автохтоното педагошко предание на Светиклиментовиот универзитет. На нашата Атина и недостига нашиот Ерусалим.

*(Просветен работник, 15 Јуни 1992 год.)*